# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ
# ЗА СНАБДУВАЊЕ ОД 01.01.2023 ГОДИНА

Согласно донесените Одлуки за преземање на мерки во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 232/22, 242/22, 247/22 и 258/22), **ги информираме** потрошувачите опфатени со донесените одлуки дека за да почнат да се снабдуваат со електрична енергија од први во наредниот месец, односно од **01.01.2023 година**, **потребно е:**

- **најдоцна до 20(дваесети) во тековниот месец** да го достават до ЕСМ Продажба ДООЕЛ потпишаниот договор со потребната документација,
- а за потрошувачите кои се снабдувани од снабдувач во краен случај, потпишаниот договор со потребната документација за снабдување со електрична енергија, **потребно е да се достави најдоцна до 20(дваесети) во тековниот месец.**

Согласно Одлуките опфатени се следните категории на потрошувачи, и тоа:

**I КАТЕГОРИЈА – Потрошувачи на електрична енергија, физички и правни лица регистрирани за вршење на приоритетна дејност-главна приходна шифра (само за потрошувачката на броилата за електрична енергија за извршување на приоритетната дејност) - по цена од 80 евра /MWh, и тоа:**

- 01.47 - одгледување на живина
- 10.11 - преработка и конзервирање на месо
- 10.12 - преработка и конзервирање на живинско месо
- 10.13 - производство на животинско и живинско месо
- 10.41 - производство на масла и масти
- 10.51 - преработка на млеко и производство на млечни производи
- 10.61- производство на мелнички производи
- 10.71 - производство на леб, слатки (колачи и торти) во свежа состојба и бисквити (кекси)
- 10.89 - производство на останати прехранбени производи, неспомнати на друго место (само за производство на квасец)
- **01.41-одгледување на молзни крави**
- **01.42- одгледување на други говеда и биволи**
- **01.45- одгледување на овци и кози**
- **01.46- одгледување на свињи.**

**II КАТЕГОРИЈА – Потрошувачи на електрична енергија, трговски друштва од областа на водоснабдување, наводнување и одводнување, како и јавните претпријатија од областа на водоснабдување, наводнување и одводнување, собирање и одведување на урбани отпадни води и прочистување на отпадни води кои работат со пумпни и/или пречистителни станици (само за потрошувачката на броилата за електрична енергија на пумпните и/или пречистителни станици за извршување на дејноста) - по цена од 95 евра /MWh.**

**III КАТЕГОРИЈА – Потрошувачи на електрична енергија, основни и средни јавни училишта - по цена од 95 евра /MWh.**

За остварување на правото заинтересираните физички и правни лица, може да склучат Договор за снабдување со електрична енергија со ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје –**<u>модел на Договор  со следните прилози:</u>**

1. Тековна состојба на субјектот не постара од 1 месец
2. Изјава за мерно место
3. Листа на мерни места
4. Барање за промена на снабдувач
5. Изјава за промена на снабдувач
6. Полномошно.

Склучените договори за снабдување со електрична енергија помеѓу потрошувачите и ЕСМ Продажба ДООЕЛ, Скопје се со траење за временскиот период додека трае кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија, односно **до 30.04.2023** година, во кој период потрошувачите ги ставаат во мирување договорите за снабдување со електрична енергија, за кои ЕСМ Продажба не превзема никаква одговорност.

Заинтересираните физички и правни лица од горенаведените категории на потрошувачи на електрична енергија, може да склучат Договор за снабдување со електрична енергија со избор на еден од следните датуми како почеток на период на снабдување:

- 01.01.2023 година,
- 01.02.2023 година,
- 01.03.2023 година,
- 01.04.2023 година.

**Потпишаниот договор со потребната документација, се доставува електронски на е-мејл адреса која се однесува на категоријата потрошувач:**

**<u>esmprodazba.prehrana@elem.com.mk</u>**
**<u>esmprodazba.vodovod@elem.com.mk</u>**
**<u>esmprodazba.ucilista@elem.com.mk</u>**

**и истата документација во два примерока да се достави по пошта или лично  на адреса: 11 Октомври бр. 9, 1000 Скопје за ЕСМ Продажба ДООЕЛ-Скопје.**

**За датум на доставување ќе се смета датумот кога комплетната документација е доставена по електронски пат.**